**СТРАТЕГИЈА НА ЦЕНТАРОТ ЗА КАРИЕРА НА ФЗНХ – СКОПЈЕ**

Центарот за кариера на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје (ФЗНХ) има основна цел: воспоставување на трајни врски меѓу студентите и субјектите од стопанството и пошироката општествена јавност. Од самото негово формирање (XI седница ННС на ФЗНХ , Одлука бр.02-555/5 донесена на 26.03.2014 година) посветено работи во создавањето и јакнењето на врската помеѓу академската заедница и бизнис заедницата овозможувајќи им на студентите уште во текот на студирањето, како и по дипломирањето да се запознаат со можностите кои ги нуди пазарот на трудот, создавајќи реални перспективи за личен развој и напредување во кариерата.

Центарот за кариера на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје претставува составен дел од Центарот за кариера на УКИМ во Скопје.

Основна мисија на Центарот за кариера на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје е да создаде постојана, но динамична и иновативна платформа што ќе овозможи на секој студент/дипломец поддршка за почеток, професионален развој и напредување во неговата кариера. Овде на преден план е ставено практиканството, стекнувањето искуство, како и јакнење на духот за општествена одговорност кон заедницата, што е во тесна врска со потребите на стопанството и можноста за вработување во реалниот сектор.

Стратегијата на Центарот за кариера на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје се темели на јасно дефинирани цели и активности, кои се усогласени со Правилникот за Центарот за кариера на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Бр. 02-974/5 од 27.9.2024 година).

Центарот за кариера на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје се грижи за напредување на студентите на личен план и нивна подготовка за предизвиците на пазарот на труд во областа на земјоделските науки и производството на храна, следејќи ги новите технологии и трендовите на глобална дигитализација преку промовирање нивните вештини и потенцијали пред идните работодавци во државата и пошироко. Со фокус на иновации, соработка и мерливи резултати, Центарот за кариера на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје се стреми да стане важна поддршка на младите во професионалниот развој.

Клучни стратешки цели:

- **Поддршка на кариерен развој на студентите**
  (преку индивидуално и групно советување, интерактивни работилници за професионални вештини, поддршка при изработка на CV, мотивационо писмо, подготовка за интервјуа при аплицирање за работа).
- **Воспоставување на ефективни канали за практикантство и вмрежување**
  (преку отворена соработка и активна комуникација со компании, институции и организации за обезбедување реални можности за практикантство, и преку презентација на програми за отворени можности за работа).
- **Развој и јакнење на соработката со алумни-заедницата**
  (преку создавање и одржување база на податоци за дипломирани студенти и вклучување на алумните во настани, предавања, обуки и менторски програми, размена на информации за можности за вработување, информации за стипендии, обуки, конференции и други можности за личен и професионален развој).
- **Промоција на факултетот**
  (преку учество во кариерни и промотивни настани, презентации на студиските програми, човечките и просторни капацитети на ФЗНХ – Скопје, промовирање на земјоделските науки пред новите генерации млади, промоција преку вмрежување со бизнис-заедницата, со цел поддршка на вработувањето на дипломираните и ангажирањето на студентите од факултетот, маркетинг-кампањи, и др. информаци на веб-страницата на факултетот, преку социјални медиуми, платформи за комуникација и електронска пошта за информирање и промоција).

Активности на ЦК

- Соработка со Факултетското студентско собрание на ФЗНХ-Скопје (планирање и организација на настани, дисеминација на информации за практикантство, волонтерство, можности за вработување и др.).
- Организирање на практична настава под менторство (од страна на ФЗНХ и стопанството).
- Организирање на работилници, предавања со вклучување на алумни како предавачи / ментори.
- Координирање на заеднички активности со Центрите за кариера на ниво на Кампус (земјоделство, шумарство и ветеринарни науки)
- Организација на работилници, предавања со теми релевантни за кариерен развој на студентите во соработка со Центарот за кариера на УКИМ во Скопје.
- Соработка за вклучување во заеднички настани со Центарот за кариера на УКИМ во Скопје (Отворен ден на УКИМ, Денови на кариера, Саем за образование & кариера и др).
- Континуирана промоција на планираните/реализирани активности за пошироката јавност.
- Организирање на состаноци на Центарот на кариера на ФЗНХ-Скопје со цел планирање, организирање, координирање и евалуација на спроведени активности (број на настани, број на студенти/матуранти учесници, број на вклучени алумни и др.).

**Организациска поставеност и ресурси**

Центарот за кариера на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје е составен од наставно-научен кадар кој покрај своите редовни обврски (настава, научно-истражувачки активности и апликативна дејност), придонесува во реализацијата на активностите кои се спроведуваат секоја академска година во соработка со наставниот, соработничкиот кадар и студенти од ФЗНХ-Скопје.

Центарот за кариера на ФЗНХ работи на волонтерска база и сите активни членови со својот ентузијазам се носители на планираните & спроведени активности.

Центарот за кариера на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје не располага со сопствена с-ка, нема ниту постојано вработен советник за кариера, психолог, административен кадар што претставува предизвик во планирањето и спроведувањето на активностите. Единствена е само поддршката од страна на Деканската управа на факултетот (финансиска, техничка, морална). Центарот за кариера на ФЗНХ располага со свое катче – простор каде сите инволвирани со голема посветеност и ентузијазам ги спроведуваат планираните активности на ниво на факултет и во соработка со останатите центри за кариера на ниво на УКИМ.

Во согласност со својата поставеност во рамки на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје Центарот за кариера има потенцијал за значително унапредување на своето делување, преку стратешко искористување на постоечките капацитети и воспоставување нови партнерства.

Центарот за кариера на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје ќе придонесе за јакнување на врската меѓу студентите, наставниот кадар и работодавците. Особено значајна е врската со алумни - зедницата во сите сфери на соработката, посебно за создавање средина што ќе ги мотивира младите преку активно учество да се пронајдат и го изградат својот пат кон успехот за достигнување професионалност и чесност во работењето.

**ЦЕНТАР ЗА КАРИЕРА НА ФЗНХ – СКОПЈЕ, при Центар за кариера на УКИМ во Скопје, во состав:**

**Проф. д-р Ромина Кабранова, - раководител на ЦК на ФЗНХ**

**Доц. д-р Александра Силовска Николова, - член**

**Проф. д-р Ана Котевска, - член**

**Проф. д-р Елизабета Мискоска – Милевска, - член**

**Проф. д-р Катерина Беличовска, - член**

**Проф. д-р Ѓоко Буневски, - член**

**Проф. д-р Крум Бошков, - член**

**Проф. д-р Златко Прцуловски, - член**